Уп. Бр.08-147/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од МНД а.с. (MND a.s.), со седиште на Упркова 807/6, Ходонин (Úprkova 807/6, Hodonín,) поштенски број 69501 Чешка Република, преку полномошник Татјана Поповски Булоски, адвокат од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која МНД а.с. (MND a.s.), со седиште на Упркова 807/6, Ходонин (Úprkova 807/6, Hodonín,) поштенски број 69501 Република Чешка, има намера да стекне целосна контрола над Моравија Гас Стораге а.с. (Moravia Gas Storage a.s), со седиште на Упркова 807/6, Ходонин, (Úprkova 807/6, Hodonín) поштенски број 69501 Република Чешка, преку запишување нови акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 09.10.2023 година, а дополнето на 17.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од МНД а.с. (MND a.s.), со седиште на Упркова 807/6, Ходонин (Úprkova 807/6, Hodonín,) поштенски број 69501 Чешка Република со која МНД а.с. има намера да стекне самостојна контрола над Моравија Гас Стораге а.с. (Moravia Gas Storage a.s), со седиште на Упркова 807/6, Ходонин, (Úprkova 807/6, Hodonín) поштенски број 69501 Република Чешка преку запишување нови акции

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната

и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Подносителот МНД а.с. е дел од Групацијата МНД на компании кои припаѓаат на Групацијата ККЦГ. Групацијата ККЦГ инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергија, недвижнини и информатички технологии и е активна во 36 земји низ светот.
Групацијата МНД, меѓу друго е активна во следните области: снабдување со гас и електрична енергија за клиентите на мало (B2B и B2C), тргување со гас, електрична енергија и други стоки, истражување и производство на нафта и гас и складирање на природен гас. Истата не е присутна ниту има деловни активности во Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија, Групација ККЦГ е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр.2.Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр.2 Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Киншифт ДООЕЛ Скопје, (претходно со називот СЕАВУС ДООЕЛ) со седиште на ул.11-ти октомври бр.33А Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.33А Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3/кат4-канцеларија бр.4003, Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Основна дејност на Моравија Гас Стораге а.с. е работењето на подземниот резервоар за гас во Чешката Република, изграден на делумно произведеното нафтено поле во Дамборице (Dambořice) .Моравија Гас Стораге а.с. обезбедува услуги за складирање гас под енергетска лиценца.

Моравија Гас Стораге а.с. нема правно присуство или деловно работење во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**